Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Генерална дирекција

Единица за професионални стандарди

Број и датум: 09-8055/1 од 27.12.2023 година

# УПАТСТВО
# за анти-коруптивно однесување
# на вработените во Управата за јавни приходи

Изработил: Ленче Атанасова

Мартин Младенов

Проверил: Катерина Марковиќ-Јанковска

Одобрил: Каролина Чашкарова

Гордана Богоевска

Биљана Стојаноска

Претставници на раководството за квалитет

Директор: Сања Лукаревска

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

**СОДРЖИНА**

1. ПРЕДМЕТ ..... 3
2. ШТО Е КОРУПЦИЈА ..... 4
3. РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ..... 5
4. АНТИ-КОРУПТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ..... 6
5. НАСОКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СЛУЧАЈ ДА СЕ СООЧАТ СО СИТУАЦИЈА НА КОРУПЦИЈА ..... 6
6. ПОСЛЕДИЦИ ОД КОРУПТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ ..... 6
7. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ..... 7
   7.1. Информирање на вработените ..... 7

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

## 1. ПРЕДМЕТ

Со ова Упатство се дефинира што се  подразбира под корупција, кои се ризиците од корупција, како вработените треба да се однесуваат во случај кога ќе се соочат со ситуација на корупција, а воедно се опишани и последиците од коруптивното однесување.

Корупцијата отсекогаш претставувала и претставува сериозен проблем на општеството, а во оваа смисла и една од најголемите пречки за економски раст и развој, како и директна закана за функционирањето на демократијата, правната држава и владеење на правото.

Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, го оневозможува ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана во остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности.

Корупцијата во даночната администрација ги намалува јавните приходи, влијае на квалитетот на услугите и административната ефикасност, создавајќи слика за слаба даночна администрација која не е транспарентна и одговорна.

Управата за јавни приходи како дел од институциите на правниот систем, се труди да воспостави ефикасни механизми, процедури и политики за спречување или минимизирање на ризиците од појава на корупција, а со тоа да создаде даночна администрација на која може да и се верува.
Само на овој начин со јасно искажана волја и спроведување на правилни и законити дејствија, даночните обврзници и сите граѓани ќе изградат доверба кон Управата за јавни приходи и на одговорен начин ќе си ги исполнуваат своите даночни обврски.
Во спротивно, доколку се дозволи корупцијата да биде широко распространета, доброволното плаќање на данок ќе биде значајно намалено, а даночните обврзници ќе сметаат дека неплаќањето на данок е ризик кој вреди да се преземе.

Управата за јавни приходи непрекинато работи на создавање на услови за нулта толеранција на корупцијата и ги презема сите потребни чекори за имплементација на ваквиот пристап.

Јасна анти-коруптивна заложба праќа силен сигнал до даночните обврзници, а со тоа се зголемува и јавната доверба во Управата за јавни приходи и нејзиниот неспорен интегритет, кои се основа и суштина на нејзиното делување. Ова е и обврска на сите вработени кои се должни да се придржуваат кон највисоките вредности и кон извршување на работните задачи на законски, одговорен, транспарентен и етички начин.

Во оваа смисла, заложбите на Управата за јавни приходи за изградување на високо професионална даночна администрација со висок степен на личен и професионален интегритет датираат од 2008 година, кога за прв пат во рамките на оваа институција е формирана посебна организациона единица - Единица за професионални стандарди.

Пред формирањето на Единицата за професионални стандарди, функцијата на внатрешна контрола на вработените се вршеше од страна на Одделение за внатрешна контрола, како организациона единица во рамките на Секторот за внатрешна ревизија, кој пак врши внатрешна ревизија на процесите во Управата за јавни приходи.

Единицата за професионални стандарди главно се грижи за имплементација и контрола на професионалните стандарди и етичките норми, а сето тоа во насока на изградување на

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

професионални, стручни и чесни вработени во Управата за јавни приходи, ослободени од корупитвните практики и вработени кои ќе бидат мотивирани секојдневно да го зголемуваат својот личен углед и интегритет, а со тоа и угледот и интегритетот на Управата за јавни приходи.

Ориентирани за достигнување на најдобри резултати во работата, а свесни за очекувањата на јавноста, Управата за јавни приходи јасно ја има изразено својата волја за борба против корупцијата, а истовремено прави цврсти заложби за промовирање на културата на интегритет, преку постојано унапредување на даночната култура, која меѓу другото го подразбира професионалниот интегритет, етиката и личната одговорност на даночниот службеник.

Во оваа насока, во Управата за јавни приходи постојат повеќе акти и документи кои се во насока на имплементација на професионалните стандарди и етичките норми, во кои се дадени принципите на однесување, а воедно се опфатени и анти-коруптивните заложби на Управата за јавни приходи, со цел подигање на свеста на вработените за превенција од разни видови на коруптивни практики и зајакнување на анти-коруптивното однесување.

Еден од документите кои имаат за цел за подигање на свеста кај вработените во Управата за јавни приходи, е и ова Упатство за анти-коруптивно однесување на вработените во УЈП, преку кое вработените во Управата за јавни приходи ќе се стекнат со подобро разбирање на корупцијата и ќе бидат упатени кон постапките за нејзино избегнување.

Упатството има за цел да ги обезбеди вработените со доволно информации во врска со појавните облици на корупцијата и да им даде насоки како да се справат со ситуации во кои можат да бидат изложени на коруптивни појави.

## 2. ШТО Е КОРУПЦИЈА

Под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Корупцијата може да се јави како:
- пасивна (намерно делување на службено лице за барање или примање на корист);   или
- активна корупција (намерно делување на кое било лице за ветување или давање корист на службено лице).

Пасивната корупција претставува намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Активната корупција претставува намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

Корупцијата може да се јави во повеќе облици и тоа:

- *Услуги*

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Корупцијата често започнува со примање на мали услуги на вработените од даночните обврзници, со што се создава ситуација дека за возврат исто така се очекува услуга. Еднаш примена услуга е вовлекување во коруптивните практики кои потоа тешко можат да се одбегнат, иако вработениот може и да стане свесен дека веќе е вовлечен во корупција. Во ваквите ситуации, потоа следат поголеми барања, така што корупцијата преминува во големи размери.
Запомнете - не постои бесплатен ручек. Внимавајте да не се најдете во ситуација каде што се креираат очекувања. Даночните службеници може да се фатат во мрежата на корупција од која е тешко да се избега.

- *Подмитување*

Претставува ветување, нудење или давање на корист која несоодветно влијае на дејствијата или одлуките на вработениот при извршување на своите работни задачи. Користа може да се однесува на вработениот, физичко или на правно лице.

- *Олеснување на плаќањата*

Се однесува на релативно мали плаќања кои се прават спрема вработениот, со цел да се добие или забрза услугата која ја дава вработениот.

- *Измама*

Опфаќа активности или однесување на вработениот, физичко или правно лице, кое измамува друго лице со цел да се обезбеди финансиска или друга корист.

- *Проневера*

Опфаќа незаконско присвојување на ресурси од страна на лица кои се одговорни за чување на истите.

- *Изнудување*

Вклучува принудување на физичко или правно лице да обезбеди некаква корист за вработениот во замена за делување или неделување на одреден начин.

- *Злоупотреба на положба*

Опфаќа искористување на службената положба од страна на вработениот, за остварување на несоодветна корист за себе, друг вработен, правно или физичко лице.

- *Судир (конфликт) на интереси*

Под судир на интереси се подразбира состојба во која вработениот има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

- *Противправно (коруптивно) стекнување со имот*

Опфаќа состојба кога ќе се утврди дека имотот на вработениот значително ги надминува неговите легални и пријавени за оданочување приходи, со што е направено прикривање на неговите вистински извори на приходи, кое нешто укажува на противправно (коруптивно) стекнување на имот.

## 3. РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА

Корупцијата за вработените во Управата за јавни приходи носи одредени ризици со кои тие може да се соочат, како што се:

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

- Ризик од изрекување на дисциплински мерки и евентуално губење на работното место;
- Ризик од нарушување на индивидуалното реноме и интегритетот на вработениот;
- Ризик од нарушевање на угледот и имицџот на Управата за јавни приходи;
- Ризик од губење на јавната доверба во институцијата;
- Ризик од кривично гонење;
- Ризик од финансиски потешкотии ако се докаже вина за коруптивно однесување и губење на работното место;
- Ризик од губење на семејството, колегите и пријателите;
- Ризик од неможност да се добие ново вработување заради криминално досие.

## 4. АНТИ-КОРУПТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Вработените во Управата за јавни приходи се должни да промовираат и спроведуваат анти - коруптивно однесување кое опфаќа:

- чесно, совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено извршување на работните задачи, во согласност со Уставот, законите и другите акти на Управата за јавни приходи;
- почитување на законите и пропишаните правила за работа, ред и дисциплина;
- неприфаќање на нудење, давање, барање или примање на поткуп;
- непримање на подароци, награди, надоместоци, ветувања, услуги или некоја друга корист;
- неприфаќање на плаќање за услугите кои ги даваат вработените;
- неприфаќање на спонзорства;
- незлоупотребување на службените податоци;
- незлоупотребување на јавните набавки;
- економично користење на државните средства кои не смеат да се користат за приватни цели или да се даваат на друг за користење;
- невршење на други дејности и ангажмани поврзани со остварување на профит и кои се неспоиви со службената должност;
- идентификување на судирот на интереси и постапување согласно законските прописи.

## 5. НАСОКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СЛУЧАЈ ДА СЕ СООЧАТ СО СИТУАЦИЈА НА КОРУПЦИЈА

Доколку вработените во Управата за јавни приходи се соочат со ситуација на корупција потребно е да ги следат следните насоки:

- да преземат мерки за идентификација на понудувачот, односно лицето кое се обидува да ги вовлече во корупција или било какво незаконско постапување;
- љубезно да го одбијат предлогот за подмитување, олеснување на плаќањата, измама или било кој друг облик на корупција и да му укажат на понудувачот дека Управата за јавни приходи забранува и не толерира коруптивно однесување;
- да изготват записник за настанот и ако е можно да обезбедат и лице кое како сведок присуствувало на истиот;
- да го пријават настанот кај претпоставениот раководител и до Единицата за професионални стандарди.

## 6. ПОСЛЕДИЦИ ОД КОРУПТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ

Управата за јавни приходи во ниту еден случај нема да толерира коруптивно однесување или пак непочитување и прекршување на законите, подзаконските акти, интерните правилници и процедури во Управата за јавни приходи, како и пропишаните правила за работа, ред и дисциплина.

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Во оваа смисла секое прекршување ќе се третира сериозно и за истото ќе бидат преземени соодветни санкции согласно позитивните законски прописи, како и изрекување на дисциплински мерки кои може да завршат и со отказ од работното место.

## 7. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За примена на ова Упатство да се имаат предвид следните правни акти:

- Закон за Управата за јавни приходи;
- Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси;
- Кодекс на однесување на вработените во Управата за јавни приходи;
- Сите останати законски и подзаконски акти, како и интерните правилници и процедури во Управата за јавни приходи.

Ова Упатство стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на неговото објавување на Интранет страницата на УЈП.
Со стапувањето во сила и примена на ова Упатство, престанува да важи Упатството за анти-коруптивно однесување на вработените во Управата за јавни приходи број 11-667/1 од 24.01.2012 година.

### 7.1. Информирање на вработените

Објава: Интранет на УЈП http://Intranet
Карактер на документот: За интерна употреба (доверливо)
Пристап до документот: Сите вработени
Целна група: Сите вработени

| | | | |
|---|---|---|---|
| 02 | 21.08.2023 | Сите | Издание за употреба |
| 01 | 24.01.2012 | Сите | Издание за употреба |
| **Измена** | **Датум** | **Страна** | **Опис на измената** |

* *Овој документ е интелектуална сопственост на Управа за јавни приходи. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на раководството е забрането.*